Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија бр.103/2008, 156/10, 59/12, 187/13 и 41/2014) Владата на Република Македонија на седница, одржана на ден ------------------ година донесе:

# ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2016 ГОДИНА

## Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија за 2016 година.

Потребните средства за реализација на програмата се предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2016 година и изнесуваат 205.950.000,00 денари од кои 158.490.000,00 на сметка 637, 45.000.000,00 денари на сметка 631 и 2.460.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 – капитални расходи.

## Член 2

Средствата од член 1 став 2 на ова програма се наменуваат за промотивни активности и активности на поддршка на туризмот и тоа:

**а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменуваат вкупно 48.250.000,00 денари и тоа за:**

1. Подготовка, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал, 6 брошури со разни тематски содржини (Природа и авантура, Традиција и настани, Рурални убавини, Лов и риболов, Археолошка историја и култура, Вино и храна) на квалитетен материјал подготвен на 11 странски јазици и тоа: англиски, француски, германски, италијански, шпански, јапонски, руски, турски, бугарски, српски и албански јазик, како и подготовка, печатење и дистрибуција на водичи, мапи, карти и друг ситен промотивен материјал (пенкала, марами, кравати, привезоци, разни стаклени производи и др.).
се наменуваат 5.000.000,00 денари.

2. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми: Утрехт, Истанбул, Брисел, Софија, Белград, Љубљана, Будимпешта, Берлин, Москва, Лондон, Хелсинки, Токио, Римини, Мадрид, Париз, Варшава, Келн, Женева, Ниш, Скопје и други согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Македонија;
се наменуваат 22.000.000,00 денари.

3. Организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонски туризам во странство и организирање на информативни патувања во Република Македонија за странски туроператори и новинари (активности кои тековно произлегуваат од сотварени средби и саемски презентации, барања на промотерите и амбасадите на Република Македонија);
се наменуваат 4.500.000,00 денари.

4. Аутдоор кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами), реклами во печатени медиуми, електронска промоција и телевизиски кампањи во (Република Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Франција, Англија, Белгија, Полска, Чешка, Австрија и Германија ) и други;
се наменуваат  13.000.000,00 денари.

5. Изработка на IOS, Android и Windows базирани софтверски програми, мобилни апликации – туристички електронски водичи и нивна дистрибуција преку соодветни електронски пазари на апликации, како и хостирање на истите;
се наменуваат 600.000,00 денари.

6. Туристички слоган тренд во туристичката индустрија - по пат на конкурс да се избере туристички слоган кој недостасува во македонскиот туристички бренд за да се комплетира целосната слика на брендирање на туризмот во Република Македонија, се наменуваат 150.000,00 денари.

7. Туристички рекламни спотови, документарни филмови, локации за снимање на туристички и филмски продукции и други медиумски реклами и организација на фестивал за туристички филм, се наменуваат 3.000.000,00 денари.

**б) За активности за поддршка на туризмот се наменуваат вкупно  10.949. 000,00 денари и тоа за:**

1. Проект „Активен туризам“ во соработка со УСАИД (Агенција за меѓународен развој на САД) и АТТА (Асоцијација за активен туризам) – предвидува организација на прва регионална конференција и Самит на Балканот за активен туризам, со меѓународно учество на 300 туроператори во Република Македонија;

2. Учество на инвестициски форуми за туризам, угостителство и хотелиерство, како и организација и учество на прв домашен инвестициски форум за 2016 година.

3. Проект “Развој на алпинизмот и негово ставање во функција на туризмот“ – развој на рекреативен спортски туризам, преку создавање на тренинг локации за качување на карпа, алпинизам и високогорско качување. Обележување на стари и уредување на нови на тренинг локации и изработка на промотивен материјал.

4. Проект “Летање во природа” - предвидува изработка на проектна документација во вид на основен проект за изработка на патеки за спуштање со сајла, а со цел на создавање на нови туристички производи во рамките на туризмот;

5. Проект “Планинарски патеки” - уредување и обележување на постојни и создавање на нови планинарки патеки. Промоција на истите преку изработка на водич и е - водич, со цел на збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на руралниот туризам, во соработка со Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;

6. Проект “Планински велосипедски патеки” - уредување и обележување на постојни и создавање на нови планински велосипедски патеки. Промоција на истите преку изработка на водич и е - водич, со цел на збогатување на туристичката понуда на Република Македонија и развој на руралниот туризам, во соработка со Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;

7. Проект “Обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти и настани од значење за туризмот во Република Македонија“- евидентирање и обележување на препознатливи производи, локалитети, објекти и настани од значење за туристичката понуда, изработка на печатен промотивен материјал и објавување на истите на веб страната Macedonia timeless под наслов „Дали знаете“;

8. Проект „Мапирање на патот Виа Егнација“ - уредување и означување на римската магистрала Виа Егнација, со цел на збогатување на туристичката понуда на Република Македонија од обласга на културиниот туризам и активностите во природа;

9.Проект „Подобрување на условите за сместување во планинарски и ловни домови/куќи“ со цел на вклучување на истите во туристичката понуда на Република Македонија, како и создавање на мрежа на објекти како основен предуслов за развој на планинскиот и ловниот туризам;

10. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони;

11. Јакнење и развој на туристичката понуда на Република Македонија – организирање на информативни работилници и обуки наменети за странски тур оператори, во функција на јакнење на досегашната соработка, како и создавање услови за отварање на нови пазари и привлекување на нови;

12. Остварување на меѓународна соработка со разните меѓународни организации, членување во истите, како и вклучување во заеднички проекти за промоција и развој на туризмот;

13. Формирање на авто кампови и нивна промоција – зголемување на туристичката понуда, развој на автокапмперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови.

14. „Создавање мрежа на кластери за развој на нови туристички производи„ во Република Македонија проект кој се аплицира во новата ЕУ програма "BALKANMED", за развој на вински патишта и друг вид на туризам поврзан со виното и органската преработка, со учество од 15% кофинансирање на средства предложени во проектот.

15. Изработка на Подстратегија за развој на активен туризам.

- и други проекти за поддршка на туризмот.

**в) Финансиски средства кои се наменуваат за функционирање на Агенцијата (кирии, комунални услуги, поправка и одржување, канцелариски материјали, опрема и машини и др.)** се наменуваат 8.291.000,00 денари

**Член 3**

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 91.000.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 45.000.000,00 денари се обезбедуваат од игри на среќа.

**Член 4**

Реализацијата на уплатите наведени во член 2 точка 2 од оваа програма се врши најмалку три месеци пред почетокот на меѓународните саемски манифестации.

**Член 5**

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот.

**Член 6**

Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Македонија како и постигнатите резултати со образложение за евентуални одстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2017 година.

**Член 7**

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. __________

_____________2015 година

Претседател на Владата на
Република Македонија,
м-р Никола Груевски